**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

Бр./Nr 01-364/2
30.12.2024 год./viti

ТИРЗ
РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ВО ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, 2025 година

INTERCERT CERTIFIED ISO 37001 ABMS

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

## I. ВОВЕД

Поаѓајќи од фактот дека корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност, неопходно е борбата против корупцијата да биде постојана обвска на секоја индивидуа во едно општество и постојано да се подигнува свеста за корупцијата и нејзиното негативно влијание врз општеството. Корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, го осиромашува општеството, ја поткопува правната држава и нејзината иднина што упатува на неопходноста од нејзино намалување и изнаоѓање на начин за нејзино целосно искоренување. Со оглед на тоа, а пред се и како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Маедонија во борбата против корупцијата, во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во натамошниот текст: Дирекцијата) не се толерира коруптивно однесување или било каква друга форма на неетичко или неморално однесување. Главна задача на Дирекцијата е да ги продолжи активностите започнати во 2024 година и да придонесе за успешно спречување со корупцијата и последиците кои произлегуваат од неа, а кои влијаат на разградувањето на општествениот систем и основните општествени вредности, ја уриваат демократијата и го попречуваат владеењето на правото преку злоупотреба на институционалните капацитети во корист на остварување на нелегални цели и интереси.

Оттука, Регистерот на ризици на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Меѓународниот Стандард за спречување корупција ISO 37001:2016 – Систем за управување со антикорупција, Политиката за спречување на корупција и Прирачникот за вработени за систем за справување со корупција по ISO 37001:2017 се круцијални документи на Дирекцијата, кои придонесуваат во спроведување на генералната политика на Владата на Република Северна Македонија за борба против корупција и нулта толеранција при злоупотреби. Овие документи претставуваат моќна превентивна алатка во борба против корупција со кој се настојува да се создаде ефективен и ефикасен систем и да се зајакне довербата на сите граѓани во нашата државата.

Регистерот на ризици ги утврдува приоритетните области кои можат да генерираат корупција, како и активностите што Дирекцијата треба да ги превземе за нивна реализација и креирање на соодветни политики кои треба да дадат резултати при постигнувањето на целите на овој документ.

Посебен акцент во справувањето на корупцијата во 2025 година ќе биде ставен на унапредувањето на личниот и професионалниот интегритет на вработените. Во секојдневното функционирање на Дирекцијата од врботените се очекува да применуваат соодветни знаења, вештини, етички капацитет, решителност и чесност, а од Дирекцијата да работи транспарентно, одговорно, чесно и во интерес на сите граѓани на Република Северна Македонија.

Како институција која има специфични надлежности, особено е важно во сите процеси кои ги превзема Дирекцијата за извршување на нејзините надежности задолжително да има висок степен на ангажман од сите вработени во Дирекцијата и нивна иницијативност на сите нивоа. Секој вработен во Дирекцијата, независно од работната позиција во која се наоѓа, има законска и морална обврска да се бори против корупцијата, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да и се спротистави на корупцијата. Притоа сите во Дирекцијата почнувајќи од Директорот, Заменик директорот на Дирекцијата, членовите на Управниот одбор и секое вработено или ангажирано лице во Дирекцијата задолжително треба да го почитуваат Етичкиот кодекс на Дирекцијата.

Во функција на продолжување на борбата против корупција и судирот на интереси, во

Дирекцијата е донесен нов Етички кодекс врз основа на задолжението на Владата на Република Северна Македонија – Точка 27 од Изводок од Нацрт- записникот од Триесет и осмата сеница на Владата на РСМ одржана на 10 декември 2024 година бр.41-6770/3.
Во овој Етички кодекс се прецизирани значајни компоненти кои треба да започнат да се применуваат во тековната 2025 година.

## II. ФОРМИ НА КОРУПЦИЈА

Под корупција, во смисла на Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.
Поимот корупција, во смисла на овој закон, ги опфаќа и поимите на:
- **пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и
- **активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Формите на корупција, дефинирани според законската регулатива се препознаваат преку:

- злоупотреба на службената положба и овластување заради дирекно или индирекно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, предност или друг интерес за себе или друг;
- дискрециони овластувања;
- непотизам;
- непостапување на вработените при извршувањето на своите работни задачи и др.

Сите овие форми на корупција се манифестираат преку злоупотреба на примање поткуп, изнуда, злоупотреба на службени возила, прифаќање на подароци и услуги, намерно губење на докази, подметнување на докази, вработување и унапредување спротивно на закон, спроведување на постапките за јавните набавки спротивно на закон, делување или да се воздржува од делување во согласност со своите работни задачи и друго.

## III. ЦЕЛ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2025 година

Целта на Годишниот план за спречување на корупција за 2025 година е да се продолжи со превземање на мерки и активности за препознавање и спречување на сите облици корупција што можат да се појават на сите нивоа во Дирекцијата.

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на интегритетот на

вработените на начин што сите во Дирекцијата при спроведување на надлежностите детерминирани со законите и извршувањето на своите работни обврски задолжително треба да постапуваат професионално, непристрасно, објективно и совесно. Имајќи го во превид наведеното, Дирекцијата при спроведување на надлежностите ќе посвети особено внимание на следните аспекти :

- Вработените да не се раководат од лични, деловни и финансиски интереси;
- Да не ги злоупотребуваат овластувањата;
- Да го унапредуваат процесот на законитост во работењето;
- Рацијонално да ги користат средствата предвидени во финансискиот план на Дирекцијата;
- Да го почитуваат Етичкиот кодекс;
- Да ги почитиваат ИСО процедурите;
- Задолжително да пријават коруптивно, недозволиво, незаконито и неетичко однесување на лица ангажирани и вработени во Дирекцијата.

## IV. ОБЛАСТИ КАДЕ НАЈЧЕСТО ПОСТОИ РИЗИК ОД ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА

Годишниот план за спречување на корупција на Дирекцијата за 2025 година преку дефинирање на самиот поим на корупција предвидува и проценка на изложеноста на Дирекцијата на ризиците за појава и развој на корупција, изложеноста на етички и професионално неприфатливи постапки и ги дијагностицира приоритетните области кои би можеле да генерираат потенцијален ризик од корупција.

Области каде начесто постои ризик од корупција во Дирекцијата се постапките за јавни набавки, постапките за вработување и унапредување и финансиското управување и контрола.

Задолжени за проценка и идентификација на ризичните места подлежни на корупција во Дирекцијата се раководителите на организационите единици.

Со цел јакнење на индивидуалниот и институционалниот капацитет во постапката на само – проценка на високоризичните процеси во Дирекцијата секоја година се изготвува Регистер на ризици кој ги содржи следните податоци:

1. Идентификуван ризик;
2. Сериозност на ефектот;
3. Веројатност на негово појавување;
4. Вид на ризик;
5. Одговорните лица и
6. Мерките за отстранување.

Регистарот на ризици кој го изработува Дирекцијата е составен дел на имплементираниот стандард ISO 37001:2016

## 1. ***НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ВАЖЕЧКИТЕ ПРОПИСИ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ***

Спроведување на постапките за јавните набавки, како област која е идентификувана како чувствителна на корупција, во Дирекцијата спаѓа на работни обврски на Одделение за јавни набавки во Сектор за општи,нормативни работи и јавни набавки. Вработените лица во оваа одделение и вработените лица во Сектор за општи,нормативни работи и јавни набавки, како и сите останати вработени лица кои се вклучени во процесот на јавни набавки се должни да ги почитуваат законските и подзаконските акти, како и Интерната процедура за спроведување на постапките за јавни набавки во Дирекцијата. При спроведување на јавните набавки Дирекцијата ќе се стреми да обезбеди нулта толеранција при злоупотреба за доделување на договор за јавна набавка, како и да ја следи целата постапка во текот на реализација на договорите за јавни набавки во кои како договорен орган се јавува Дирекцијата.

Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набавки како што се:

- Принципот на еднаков третман и недискриминација значи сите економски оператори да имаат исти права при примена на законската регулатива која се однесува на јавните набавки, што подразбира однесување на ист начин во идентични ситуации или да се однесува на ист начин во различни ситуации. Овој принцип е значаен бидејќи го забранува фаворизирањето на одредени субјекти.
- Принципот на транспарентноста кој е значаен фактор кој ги обезбедува основните принципи на системот за јавните набавки, особено конкуренцијата и интегритетот во јавните набавки. Имено, обврска на договорниот орган е да им овозможи на економските оператори пристап до сите информации кои се однесуваат на јавните набавки, а информациите треба да им се достапни на сите заинтересирани страни во исто време и на ист начин.
- Принципот на рационално и ефикасно искористување на средствата кое подразбира да се добие најдобра вредност за потрошените пари.

## 2. ***НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ВАЖЕЧКИТЕ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ***

Во сферата на постапките за вработување и унапредување во Дирекцијата постои можен ризик од притисоци, односно влијанија (партиски, пријателски или од трети лица). Одделението за управување со човечки ресурси во никој случај не смее да подлежи под некои притисоци и коруптивни однесувања со цел да прибави одредена корист за себе или некој друг. Секоја потреба од ново вработување или унапредување во тековната 2025 година треба да е предвидена во Годишниот план за вработување на Дирекцијата за тековната 2025 година, да е систематизирано во Правилникот за систематизација на работни места во Дирекцијата, да се обезбедени согласности за вработување, односно унапредување од страна на Министерство за финансии и Министерство за јавна администрација, како и целата постапка да се спроведува согласно законските и подзаконските акти.

При спроведување на постапките за вработување и унапредување, исто така, треба да се почитуваат следниве начела: начело на законитост, начело на еднакви услови, еднаков пристап до работното место, соодветна и правична застапеност, начело на стручност и

компетентност, начело на управување со ефектот на вработените, начело на сервисна ориентираност, начело на професионална етика, непристрасност и објективност, начелото на спречување на судир на интереси како и начелото на одговорност.

### *3. <u>НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ВАЖЕЧКИТЕ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИСКОТО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА</u>*

Финасиското управување и контрола е систем на политики, процедури и активности воспоставени од Раководителот на субјектот, со цел да се обезбеди разумно убедување дека целите на субјектите се остварени. Системот на финансиско управување и контрола, се однесува на внатрешни контроли вградени во работните процеси со цел да се спречат незаконски, неправилни, неекономични, неефикасни и неефективни одлуки и постапки. Системот на финсиското управување и контрола се спроведува во сите организациони единици во Дирекцијата и на сите нивоа.

Преку системот на финасиското управување и контрола се утврдува начинот на одвивање на работните процеси, со кој се утврдува кој е одговорен за спроведување на поединечните активности во процесот и предвидените рокови, како и контролите кои се воспоставени во одреден работен процес.

## V. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:

Основна цел на донесувањето на овој Годишен план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони е продолжување на активностите за оневозможување и во најголем степен намалување на коруптивните дејствија во Дирекцијата. Дирекцијата активно ќе партиципира во креирањето на антикорупциските активности и ќе ја продлабочува соработката со Државната комисија за спречување на корупција, која врз основа своите законски надлежности утврдени во Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, ги носи националните стратегии кои се одраз на националната политика за спречување на коруптивно однесување.

Годишниот план за спречување на корупција се фокусира на :

- Зголемување на транспарентноста и отчетноста во сите организациони едниници во Дирекцијата:
- Зголемување на одговорноста на вработените и ангажурани лица во Дирекцијата кон граѓаните, како и подобрување на ефикасноста на работењето;
- Еднаков третман кон странките во добивањето услуги од страна на Дирекцијата;
- Воспоставување на механизми во рамките на Дирекцијата кои ја ограничуваат и спречуваат можноста за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист;
- Унапредувње на интегритетот на вработените и ангажирани лица во Дирекцијата.

Овој документ пред се има превентивна функција, односно претставува патоказ за намалување на ризиците од корупција, а неговата имплементација ќе придонесе кон

остварување не само на институционалната, туку и на пошироката општествена цел за зајакнување на интегритетот и борбата против корупцијата.

## VI. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Дирекцијата во овој План предвиде конкретни активности за спречување на корупција и тоа :

1. Почитување на воведените процедури за работа и извршување на работните должности согласно меѓународниот Стандард за спречување корупција ISO 37001:2016 и Системот за управување со квалитет во работата ISO 9001: 2015;
2. Потпишување на изјави од страна на сите вработени и ангажирани лица во Дирекцијата дека извршувањето на своте работни задачи и активности ќе го вршат во согласност со меѓународниот Стандард за спречување корупција ISO 37001:2016 и Системот за управување со квалитет во работата ISO 9001: 2015;
3. Почитување на Уставот и Законите на Република Северна Македонија;
4. Почитување на Кодексот на административни службеници, Етички кодекс на Дирекцијата, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија и носителите на јавните функции именувани од страна на Владата на РСМ;
5. Јакнење на интегритетот на вработените;
6. Превземање дисциплински мерки против лица кои се однесуваат коруптивно, недозволиво, незаконски и неетички.
7. Разгледување на сите случаи за сомневање за корупцијата и судирот на интереси или вистински настаната корупцијата и судирот на интереси со цел подобрување на системот на внатрешна контрола.
8. Спроведување политика на нулта толеранција за корупцијата и судирот на интереси и воспоставување јак систем за контрола во спречувањето и откривањето на корупцијата и судирот на интереси, до најголем можен степен, како и за намалување на нивниот ефект, доколку се случат.
9. Обезбедување на отчетност и транспарентност во работењето на Дирекцијата преку објавување на законските и подзаконските акти, стратешки документи и активностите на Дирекцијата на нејзината веб страна www.fez.gov.mk;
10. Задолжително пријавување на коруптивно, недозволиво и неетичко однесување на вработените во Управата преку лице кое е назначено за приена пријави од укажувачи согласно Закон за заштита на укажувачи како и изготвување на полугодишни извештаји за примени пријави од укажувачи;
11. Подигање на свеста на вработените за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите;
12. Непристрасност и професионално постапување при спроведување на постапките за јавните набавки, како и при спроведување на финансиското управување и контрола;
13. Непристрасност и професионално постапување при спроведување на постапките за вработување и унапредување;
14. Донесување на интерен акт за управување со судирот на интереси;
15. Спроведување на интерна едукација на вработените и ангажирани лица за управување со судирот на интереси;

16. Донесување на интерен акт за постапување со подароци, погодности и гостопримство;
17. Спроведување на интерна едукација на вработените и ангажирани лица за постапување со подароци, погодности и гостопримство;
18. Запознавање на вработените и ангажирани лица со одредбите и содржината на Етичкиот кодекс на Дирецијата за ТИРЗ;
19. Обезбедување на писмена изјава од страна на вработените и ангажирани лица за прифаќање и почитување на новиот Етички кодекс на Дирекцијата;
20. Почести консултации со вработените преку колегиуми и работни состаноци за јакнење на свеста за борба против корупција;

Дирекција за технолошки индустриски
развојни зони
в.д. Директор
Д-р Гоце Димовски

Изработил: Маја Базерковска
Контролирал: Ирена Касапоски Стојанова
Одобрил: Маја Жупаноска Стефановска